**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 август 2017 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: јули 2017 година

- Во јули годинава, каматните стапки на вкупните кредити и вкупните депозити бележат минимално месечно намалување од 0,1 п.п. и изнесуваат 5,9% и 1,5%, соодветно.
- Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити, во јули оствари месечен раст од 0,2 п.п. и изнесува 5,4%. Од друга страна, каматната стапка на новопримените депозити забележа месечно намалување од 0,3 п.п. и изнесува 1,2%.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити

| | 12.2015 | 3.2016 | 6.2016 | 7.2016 | 9.2016 | 12.2016 | 1.2017 | 2.2017 | 3.2017 | 4.2017 | 5.2017 | 6.2017 | 7.2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **6.5** | **6.5** | **6.4** | **6.3** | **6.3** | **6.2** | **6.2** | **6.1** | **6.1** | **6.1** | **6.0** | **6.0** | **5.9** |
| Корпоративен сектор | 6.3 | 6.2 | 6.1 | 6.1 | 6.0 | 5.8 | 5.8 | 5.7 | 5.7 | 5.6 | 5.6 | 5.5 | 5.4 |
| Домаќинства | 6.8 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.5 | 6.5 | 6.5 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.9** | **6.0** | **5.9** | **5.9** | **5.8** | **5.3** | **5.9** | **5.4** | **5.4** | **5.3** | **5.5** | **5.2** | **5.4** |
| Корпоративен сектор | 5.9 | 6.0 | 5.8 | 5.9 | 5.8 | 5.2 | 5.9 | 5.1 | 5.2 | 5.1 | 5.4 | 5.0 | 5.2 |
| Домаќинства | 5.7 | 5.9 | 5.9 | 5.8 | 5.9 | 5.6 | 5.9 | 5.9 | 5.8 | 5.7 | 5.8 | 5.7 | 5.7 |
| **Вкупни депозити** | **1.9** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.7** | **1.7** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.5** |
| Корпоративен сектор | 2.2 | 2.0 | 1.9 | 1.9 | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 1.9 |
| Домаќинства | 1.9 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.6 | 1.6 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 |
| **Новопримени депозити** | **1.6** | **1.7** | **1.4** | **1.5** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.6** | **1.4** | **1.4** | **1.4** | **1.5** | **1.2** |
| Корпоративен сектор | 1.3 | 1.3 | 0.9 | 1.3 | 1.4 | 1.5 | 1.3 | 1.3 | 1.1 | 1.0 | 1.1 | 1.2 | 1.0 |
| Домаќинства | 1.9 | 1.9 | 1.9 | 1.6 | 1.7 | 1.8 | 1.7 | 1.8 | 1.6 | 1.6 | 1.6 | 1.6 | 1.3 |

Извор: НБРМ.

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види методологија http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[2]







Извор: НБРМ.

- Каматната стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор овој месец изнесува 5,4% и во однос на претходен месец е намалена за 0,1 п.п.. Минималната надолна промена е резултат на падот кај денарските кредити без валутна клаузула (за 0,1 п.п.). Споредено со јули претходната година, кај оваа каматна стапка е забележан пад од 0,7 п.п..

– Во текот на јули, новите кредити на корпоративниот сектор се одобрувани по просечна каматна стапка од 5,2%, што претставува нагорна месечна промена од 0,2 п.п.. Притоа, месечниот раст е резултат на зголемувањето кај денарските кредити, со и без валутна клаузула (0,6 п.п. и 0,2 п.п., соодветно), во услови на пад на каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,8 п.п.). На годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,7 п.п..







Извор:НБРМ.

[2] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор се однесува на нефинансиските институции (јавни и останати).

– Споредено на месечна основа, просечната каматна стапка на вкупните примени депозити од корпоративниот сектор, во јули забележа минимално намалување од 0,1 п.п. и изнесува 1,9%. Притоа, месечниот пад произлегува од намалувањето кај денарските депозити без валутна клаузула (за 0,2 п.п.) и депозитите во странска валута (за 0,1 п.п.). Воедно, оваа каматна стапка е идентична со стапката регистрирана во јули минатата година.

– Во текот на јули, каматната стапка на новопримените депозити[3] на корпоративниот сектор оствари месечен пад од 0,2 п.п. и изнесува 1,0%. Надолната месечна промена произлегува од намалените каматни стапки кај сите компоненти т.е. денарските депозити, со и без валутна клаузула (за 0,6 и 0,3 п.п.) и депозитите во странска валута (за 0,2 п.п.). На годишно ниво, оваа каматна стапка бележи намалување од 0,3 п.п..

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[4]







Извор: НБРМ.

– Просечната каматната стапка на вкупните кредити одобрени на домаќинствата трет последователен месец се одржува на нивото од 6,5%. Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,2 п.п..

– Во јули, просечната каматна стапка за новите кредити на домаќинствата се задржа на јунското ниво од 5,7%. Во однос на јули 2016 година, оваа каматна стапка бележи минимален пад од 0,1 п.п..

---

[3] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.

[4] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.







Извор: НБРМ.

– Каматната стапка на вкупните депозити од домаќинствата четврт последователен месец се задржа на ниво од 1,5%, додека на годишна основа, кај оваа каматна стапка е регистрирана надолна промена од 0,3 п.п..

– Во текот на јули, просечната каматната стапка на новопримените депозити[5] од домаќинствата забележа месечно намалување од 0,3 п.п. и изнесува 1,3%. Притоа, надолното поместување е резултат на падот кај денарските депозити без валутна клаузула и депозитите во странска валута (за 0,2 и 0,1 п.п., соодветно). На годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,3 п.п..

[5] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Месечни податоци за каматните стапки: 29 септември 2017 (референтен пресек заклучно со август 2017).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).